**20080320497**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за нотаријатот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРИИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА

Член 1

Во Правилникот за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба ("Службен весник на РМ" бр. 31/2008) во членот 8 се додава нов став (1) кој гласи:

" Лицето кое е именувано за нотар најдоцна до 30 дена од денот кога е известено дека е именувано за нотар, треба да обезбеди простории пропишани според овој правилник и за тоа време да побара од министерот за правда да бидат прегледани просториите за вршење на нотарската служба".

Ставовите (1) и (2) стануваат ставови (2) и (3).

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: "кое учествува на конкурсот за именување на нотари" се заменуваат со зборовите: "кое е именувано за нотар".

Ставот (4) станува став (5).

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 06.03.2008 година.

Бр. 09-746/3
7 март 2008 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,** с.р.